ОДУ бр.174/26
ИЗВОД

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
**НОТАР**
**Ана Брашнарска**
за подрачјето на основните судови
на градот Скопје
ул.Македонија бр. 31/1-3

Во Скопје, на ден 24.06.2026 (дваесет и четврти јуни, две илјади дваесет и шеста) година.
Во 10:00 (десет) часот.

**ЗАПИСНИК**
**Од редовно Годишно Собрание на АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје**

Јас, Нотар Ана Брашнарска, именувана за подрачјето на Основните судови на градот Скопје, Ул. Македонија бр. 31/1-3, Скопје, потврдувам дека на ден 24.06.2026 (дваесет и четврти јуни, две илјади дваесет и шеста) година во седиштето на **Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје,** со ЕМБС 4053222, на бул. 3-та Македонска Бригада ББ во Скопје-Аеродром, присуствував на седница на Собрание на акционери кое се одржа на денешен ден во седиштето на друштвото – Управна зграда, кат 1, со почеток во 10:00 часот, при што, согласно Законот за нотаријатот и член 407 во врска со член 383 став 3 од Законот за трговски друштва (Службен весник на РМ 28/2004 година) го составив следниот:-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

------------------**ЗАПИСНИК ОД РЕДОВНО ГОДИШНО СОБРАНИЕ НА АКЦИОНЕРИ НА**---------------------
---**Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема**---
---------------------------------------**РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје**---------------------------------
-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред почетокот на Собранието на мое барање ми беа предочени:-------------------------------------------

- Тековна состојба на **Акционерско друштво за проектирање и производство на електрични производи и опрема РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје,** со седиште на бул. 3-та Македонска Бригада ББ во Скопје-Аеродром, со ЕМБС 4053222, електронски издадена од Централниот регистар на РСМ на ден 24.06.2026 година под деловоден број 0805-50/150020260255642 – **прилог кон овој записник;**----------------------------------------------------------------------------------
- **Акционерската книга на акционерите на РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје Акционерско друштво за производство и трговија со производи за црна металургија Скопје** електронски издадена од Централниот депозитар за хартии од вредност со содржан електронски потпис и временски жиг со датум 22.06.2026 година, во која утврдив дека вкупниот број на акции на друштвото со право на глас изнесува 206.230 и бројот на гласови од акциите со право на глас во собранието изнесува 206.230 - **прилог кон овој записник;**-----------------------------------------------------
- **Јавен повик за свикување и одржување на редовно Годишно Собрание на акционери на РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје** објавен во дневното гласило **СЛОБОДЕН ПЕЧАТ на ден Четврток, 21.05.2026 година** со кој се повикуваат акционерите на друштвото да присуствуваат на Собранието кое е закажано за ден 24.06.2026 година (среда), со почеток во 10.00 часот - **прилог кон овој записник;**-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

- **Јавен повик за свикување и одржување на редовно Годишно Собрание на акционери на АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје** објавен на официјалната интернет страница на акционерското друштво www.radekoncar-ad.com.mk, со кој се повикуваат акционерите на друштвото да присуствуваат на Собранието кое е закажано за ден 24.06.2026 година (среда), со почеток во 10.00 часот и на СЕИ НЕТ на македонска берза. - **прилог кон овој записник ;**------------------------------------------
- **Список на присутни акционери** на Собранието на **АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје** со број на акции и број на гласови - **прилог кон овој записник.**------------------------------------------------

Од наведениот список, по неговата верификација утврдив дека на седницата на Собранието се присутни **вкупно 23 (дваесет и три) акционери**, лично и како полномошници или 187.202 акции од вкупно **205.754** акции со право на глас во Собранието или 90,98%.-------------------------------------------

Седницата на Собранието започна во 10:00 часот (десет часот).-------------------------------------------

На Собранието е присутен Нотар Ана Брашнарска која го води записникот.----------------------------------

**Седницата на Собранието ја отвори претседавачот на претходното собрание Чедомир Стојковски** и ги извести присутните дека согласно објавениот Јавен повик, Собранието ќе се одржува согласно следниот **ДНЕВЕН РЕД**:------------------------------------------------------------------------

**Процедурален дел**:------------------------------------------------------------------------------------------

**- Отварање на Собранието**------------------------------------------------------------------------------------

**- Избор на Претседавач на Собранието**-----------------------------------------------------------------------

**- Одредување на Записничар - Нотар**----------------------------------------------------------------------

**- Избор на трочлена верификациона комисија и бројач на гласови**-------------------------------------

**- Избор на трочлена комисија за тајно гласање**------------------------------------------------------------

**- Извештај на верификационата комисија**------------------------------------------------------------------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**Работен дел**:--------------------------------------------------------------------------------------------------

**1. Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на друштвото во деловната 2025 година и одобрување на работата на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје за деловната 2025 година**;--------------------------------------------------

**2. Разгледување и усвојување на неконсолидирана Годишна сметка за 2025 година;**----------------

**3. Разгледување и усвојување на консолидирана Годишна сметка за 2025 година;**--------------------

**4. Разгледување и усвојување на ревидираните неконсолидирани финансиски извештаи за 2025 година;**------------------------------------------------------------------------------------------------

**5. Разгледување и усвојување на ревидираните консолидирани финансиски извештаи за 2025 година;**-------------------------------------------------------------------------------------------------------

**6. Донесување на Одлука за распределба на добивката по годишна сметка за 2025 година;**-------

**7. Донесување на Одлука за утврдување на износот на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар;**-------------------------------------------------------------------------------

**8. Донесување на Одлука за исплата на аванс на дивиденда**;----------------------------------------

**9. Донесување на Одлука за избор на ревизор за ревизија на финансиските извештаи за 2026 година;**------------------------------------------------------------------------------------------------------

**10. Донесување на Одлука за стекнување сопствени акции со откуп;**--------------------------------

**11. Донесување на Одлука за одобрување услови за продажба на недвижен имот**;------------------

**12. Донесување на Одлука за отповикување и избор на членови на Одборот на директори**.-------

-----------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

На Собранието се стави предложениот Дневен ред на гласање и истиот беше усвоен едногласно.-----

Се премина на Процедуралниот дел од Дневниот ред.------------------------------------------------------

При проверката на списокот на присутните акционери претседавачот на претходното собрание Чедомир Стојковски констатира дека **вкупниот број на присутни акционери изнесува 23 (дваесет и три) акционери,** кои истовремено се и полномошници на други акционери, или 187.202 број на акции со право на глас во Собранието од вкупниот број на акции **205.754 акции** или процентуално **90,98% од акциите со право на глас,** со што се констатира дека Собранието **го има потребниот кворум за работа и одлучување**.-----------------------------------------------------------------------------------------

Списокот на присутни акционери на Собранието е потпишан од присутните акционери, Претседавачот на Собранието и се предава на Записничарот-Нотар.------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Пред да се започне со процедуралниот дел од собранието, за збор се јави претседателот на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна Техника Скопје – лицето Ѓорги Доновски и сакаше да посочи дека на лицето Душко Црнокрак не му е продолжен мандатот управител на ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности и дека истиот не е овластен да присуствува на собранието и треба да биде иземен од истото. За збор се јави акционер Злате Попоски со образложение дека сите наводи и агрументи изнесени од Ѓорги Доновски се беспредметни, на што се јави акционер Јана Стојковска Каневчев со прашање до Ѓорги Доновски во какво својство ја дава таквата изјава, на што лицето одговори дека ја дава во својство на член на орган на управување на акционер (содружник) со 40% во ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности. Злате Попоски пак се јави за збор и кажа дека не е донесена никаква одлука по однос на прашањето за продолжување на мандатот на управителот Душко Црнокрак.--------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Акционерите предложија да се пристапи кон избор на претседавач на собранието.---------------------------
**Акционерите** го предложија **Чедомир Стојковски** за претседавач на Собранието.-------------------------
**Одлуката за избор на *Претседавач на Собрание*** со која се избира г-дин Чедомир Стојковски, за претседавач на Собранието, со мандат до изборот на Претседавач на наредното Собрание беше ставена на гласање.--------------------------------------------------------------------------------------------------------

Собранието со ***167.190 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА***, за **Претседавач на Собранието го избра Чедомир Стојковски**, по предлогот не гласаше акционерот Владанка Трајковска со 20.012 акции----------------------------------------------------------------------------------------

По однос на третата точка од процедуралниот дел од дневниот ред, Претседавачот ги извести присутните акционери дека на денешното собрание присутна е **Нотар Ана Брашнарска** која ќе го води Записникот од ова собрание.--------------------------------------------------------------------------------

По однос на четвртата точка од процедуралниот дел од дневниот ред, ***избор на трочлена верификациона комисија***, беа предложени Баришиќ Руска, Димовска Сузана и Капедановски Ивица.-
Собранието со **153.027 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, 34.175 ВОЗДРЖАНИ,** за **тричлена верификациона комисија ги избра** Баришиќ Руска, Димовска Сузана и Капедановски Ивица.---------
**По однос на бројач на гласови беше предложен Капедановски Ивица**.-----------------------------------
Собранието со ***156.405 гласови ЗА, 15.649 гласови ПРОТИВ, 15.148 гласови ВОЗДРЖАНИ***, за бројач на гласови го избра Капедановски Ивица.---------------------------------------------------------------
***Прилог*** - Одлука.----------------------------------------------------------------------------------------------------

**По однос на петтата точка од процедуралниот дел од дневниот ред, *избор на тричлена комисија за тајно гласање***, беа предложени Баришиќ Руска, Димовска Сузана и Капедановски Ивица.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

Собранието со ***153.027 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, 34.175 гласови ВОЗДРЖАНИ***, за членови на тричлена комисија за тајно гласање ги избра Баришиќ Руска, Димовска Сузана и Капедановски Ивица.-

***По однос на Извештај на верификационата комисија*** како шеста точка од процедуралниот дневен ред, потврдуваат за валидноста на полномошната дадени од акционерите на присутните гласачи при што се утврди присусуство на 187.202 гласови или 90,98 проценти-----------------------------------------------

Откако беа исцрпени точките од **процедуралниот дел** од дневниот ред Претседавачот премина на **работниот дел** од дневниот ред.-------------------------------------------------------------------------------------------------------

**1.** Претседавачот отвори дискусија по првата точка од Работниот дел од дневниот ред - **Разгледување и усвојување на Годишниот извештај за работењето на друштвото во деловната 2025 година и одобрување на работата на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника-Скопје за деловната 2025 година**.----------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот ги праша присутните акционери дали некој се јавува за збор.-----------------------------------
За збор се јави Јана Каневчев Стојкова која бара да се објави пресек и преглед на хартии од вредност во други друштва (со назив на правно лице-издавач и број на акции) кои акционерското друштво ги поседува на 30.06.2024, 31.12.2024 и 31.12.2025 година и која истакнува дека и на минатото собрание беа барани овие информации но не беа одговорени и обезбедени. Како второ прашање постави со кои акции е тргувано во 2025 година односно кои акции се отуѓени и во колкав број бидејќи согласно извештаите се остварени приходи од продажба на акции во износ од 23.751.001 денари. Третото прашање на лицето е во кои и какви инвестициони фондови има вложувано друштвото. Како четврто прашање истакна дека во својот извештај Одборот на директори наведува дека ќе се залага за распределба на поголема дивиденда на акционерите, па како планира да го изведе тоа кога истиот состав на Одборот го поддржа преземањето на друштвото од страна на РАДЕ КОНЧАР – ТЕП во чија понуда беше наведено дека наместо за дивиденди средствата ќе бидат насочени за други намени. Како петто прашање – колку вработени има друштвото во 2025 година и дали бројот на вработени е ист и во 2026 година. Шесто прашање е да се даде преглед на лица со податоци-име и презиме и услуга со износи исплатени по основ на договор за дело во 2024 и 2025 година бидејќи истото не било ни одговорено во минатата година. Според ревизорскиот извештај податокот за двете години е износ од 1.176.000 денари за 2024 и 1.028.000 денари за 2025 година. По однос на судските предмети наведени во извештајот, истакна прашање за првиот предмет кога друштвото поднело ревизија до Врховен суд, која година и статус на предметот, на што доби одговор од Татјана Лазаревски дека се уште нема одговор на поднесената ревизија. За третиот предмет надомест на штета наведено е дека е пред Врховен суд но нема статус што се случува со предметот во првите инстанци пред надлежните судови, како што е образложено по инстанци во другите предмети.-----------------------------------------------

За збор се јави акционерот Горан Антевски, бара информација од Одборот на директори за друштвото ДОО РАДЕ КОНЧАР – КОНТАКТОРИ И РЕЛЕИ во кое РАДЕ КОНЧАР-Апаратна техника има 40% влог, како е избран надзорниот избор, како е донесена одлуката, бара записници од седниците, членови, мандати, надоместоци, награди, бонуси, како се гласа, како се работи се со цел да се доведи друштвото во добра позиција.------------------------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави акционерот Дарко Стојков, кој бара да му се дадат сите трансакции со хартии од вредност, бидејќи според него има разлика во билансите во вредноста на портфолиото што го има РАДЕ КОНЧАР-Апаратна Техника, односно во 2024, 2025 и 2026 се појавува голема разлика така што вредноста на портфолиото драстично опаѓа, на што доби одговор од Татјана Лазаревски дека вредноста на акциите паѓа и со тоа паѓа вредноста на портфолиото. Исто постави прашање кој прави анализи и одлуки кои акции и од каде да се купат, кои да се продадат и по која цена, на што доби одговор од истото лице дека Одборот на директори одлучува. Исто бара да му се даде пресек состојба

на акции со состојба 30.06.2024, 31.12.2024, 31.12.2025, сите налози кога се дадени, што е купено и што е продадено и укажува дека и минатата година по ова прашање не добил одговор.---------------------
За збор се јави Јана Каневчев Стојкова и бара да и се дадат сите записници од Одборот на директори во 2025 година, бидејќи истите имаат обврска и одговорност да дадат информации и да одговорат на прашањата на акционерите и инсистира да се дадат одговори од Одборот на директори за сите прашања кои ќе се нотираат на овој записник, на што доби одговор од Татјана Лазаревски дека некои прашања се деловна тајна и не знае дали тоа се може да се обелодени.----------------------------------------
За збор се јави акционерот Злате Попоски, со прашање за останатите трошоци во извештајот и зошто истите не се спецификувани, дали е тоа криење на податоци, дали се дадени пари на несоодветни трошоци, истото прашање го поставил и минатата година, посочува дека треба во билансот да се наведат со спецификација.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------
По исцрпување на дискусијата, претседавачот ги праша присутните акционери дали уште некој се јавува за збор. Како никој не се јави за збор, Претседавачот ја стави оваа точка на гласање. ------------
Собранието со ***137.698 гласови ЗА***, ***ПРОТИВ НЕМА***, ***49.504 гласови ВОЗДРЖАНИ***, го усвои годишниот извештај на Одборот на директори за работењето на друштвото во деловната 2025 година и го одобри работењето на Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна техника за деловната 2025 година.----------------------------------------------------------------------------------------------------------------
***Прилог*** **- Одлука**.------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека акционерот Велибор Ивановски со 90 акции, го нашушти собранието, при што се констатира нова состојба на 22 присутни акционерии со 187.112 акции или вкупно 90.94% од вкупниот број на акции------------------------------------------------------------------------------------------------
**2.** Претседавачот отвори дискусија по втората точка од работниот дел од дневниот ред - **Разгледување и усвојување на неконсолидирана Годишна сметка за 2025 година**.---------------------
Претседавачот ги праша присутните акционери дали некој се јавува за збор.------------------------------------
За збор се јави акционерот Јана Каневчев Стојкова, праша за што е резервиран износот од 3.471.000 денари во 2025 година и што се случи со резервираните средства од 6.000.000 денари во 2024 година? Во извештајот на Одборот наведено е дека овој износ се однесува на трошоци по судско решение па барам образложение за кој предмет се однесува првиот износ и кој е основот за резервација како и што се случува со резервацијата на износот од 6.000.000 денари. Доби одговор од Татјана Лазаревски дека средствата што беа во резервација односно и двата износи се вратени и се однесуваат на ист предмет. Акционерот праша на што се должи разликата на останатата сеопфатна добивка, посебно да се образложи делот на вреднувањето на вложувања во финансиски средства расположливи за продажба како и загубата од вложување во финансиски средства расположливи за продажба, рециклирана низ добивката и загубата – страна 8 од ревизорскиот извештај, на што присутниот ревизор одговори дека се тоа произлегува од вложувањето во акции односно паѓањето на вредноста на акците. Акционерот Јана Каневчев Стојкова исто бара образложение што опфаќаат нето одливи за оперативни активности – страна 11 од ревизорскиот извештај, на што се однесуваат, кои што оваа година се 16.081.000 денари односно 8.094.000 милиони за претходната година, на што и е посочено од присутниот ревизор дека за тоа е извештај за паричен тек. Јана Каневчев Стојкова бара да се даде појаснување на што се однесуваат следните параметри, дали друштвото приходувало само од продажба на претежно на хартии од вредност изминатиот период, согласно паричните текови од инвестициони активности, посебно ако се има предвид реализираните добивки од продажба на финансиски средства расположливи за продажба. Дополнително посочи дека на страна 25 од ревизорскиот извештај е даден приказ на состојба на акции на 31.12.2024/2025 година од каде може да се заклучи дека е намалена вредноста т.е. финансиските средства расположливи за продажба за

40тина милиони денари само во оваа година. Лицето истакна дека на страна 23 од ревизорскиот извештај наведено е дека: "друштвото ќе направи напори за превземање активности за уредување и запишување на деловите на сопственост помеѓу двете друштва согласно законските прописи при што писмено се обрати до РИ Енергетика Скопје за спогодбено утврдување на сосопственичките идеални делови до целосна поделба на парцелата на земјиштето со што ќе следат средби и дополнителни активности за решавање на ова прашање." Што е направено во изминатиот период по ова прашање? Што превземало друштвото во текот на 2025 година и дали е во некакви разговори со РИ Енергетика по ова прашање? Истакна уште едно прашање и тоа на што се однесуваат обврските по основ на лизинг страна 30 од ревизорскиот извештај, на што ревизорот даде одговор дека овие трошоци се трошоци за кирии каде што друштвото е закупец.------------------------------------------------------------------------
По исцрпување на дискусијата, претседавачот ги праша присутните акционери дали уште некој се јавува за збор. Како никој не се јави за збор, Претседавачот ја стави оваа точка на гласање откако претходно утврди нова состојба на присутни 187.112 гласови. ---------------------------------------------------
Собранието со ***139.568 гласови ЗА***, ***ПРОТИВ НЕМА***, ***47.544 гласови ВОЗДРЖАНИ***, ја усвои неконсолидираната годишна сметка на АД Раде Кончар-Апаратна Техника за 2025 година.----------------
***Прилог*** **- Одлука**.--------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**3.** Претседавачот отвори дискусија по третата точка од работниот дел од дневниот ред - **Разгледување и усвојување на консолидирана Годишна сметка за 2025 година**.------------------------
Претседавачот ги праша присутните акционери дали некој се јавува за збор.-----------------------------------
По исцрпување на дискусијата, претседавачот ги праша присутните акционери дали уште некој се јавува за збор. Како никој не се јави за збор, Претседавачот ја стави оваа точка на гласање. ------------
Собранието со ***139.568 гласови ЗА***, ***ПРОТИВ НЕМА***, ***47.544 гласови*** *ВОЗДРЖАНИ НЕМА*, ја усвои консолидираната годишна сметка на АД Раде Кончар-Апаратна Техника за 2025 година.------------------
***Прилог*** **- Одлука**.--------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**4.** Претседавачот отвори дискусија по четвртата точка од работниот дел од дневниот ред - **Разгледување и усвојување на ревидираните неконсолидирани финансиски извештаи за 2025 година**.----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот ги праша присутните акционери дали некој се јавува за збор.-----------------------------------
По исцрпување на дискусијата, претседавачот ги праша присутните акционери дали уште некој се јавува за збор. Како никој не се јави за збор, Претседавачот ја стави оваа точка на гласање. ------------
Собранието со ***151.626 гласови ЗА***, ***ПРОТИВ НЕМА***, ***35.486 гласови*** *ВОЗДРЖАНИ НЕМА*, *ги* усвои неконсолидираните финансиски извештаи на АД Раде Кончар-Апаратна Техника за годината што завршува на 31 декември 2025 година, изготвени согласно Меѓународните сметководствени стандарди и ревидирани од страна на Друштвото за ревизија Мур Стивенс ДОО – Скопје, заедно со мислењето од ревизорот.-------------------------------------------------------------------------------------------------------
***Прилог*** **- Одлука**.--------------------------------------------------------------------------------------------------------
---------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**5.** Претседавачот отвори дискусија по петтата точка од работниот дел од дневниот ред - **Разгледување и усвојување на ревидираните консолидирани финансиски извештаи за 2025 година**.----------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот ги праша присутните акционери дали некој се јавува за збор.-----------------------------------
По исцрпување на дискусијата, претседавачот ги праша присутните акционери дали уште некој се јавува за збор. Како никој не се јави за збор, Претседавачот ја стави оваа точка на гласање. ------------

Собранието со ***139.568 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, 47.544 гласови ВОЗДРЖАНИ***, ги усвои консолидираните финансиски извештаи на АД Раде Кончар-Апаратна Техника за годината што завршува на 31 декември 2025 година, изготвени согласно Меѓународните сметководствени стандарди и ревидирани од страна на Друштвото за ревизија Мур Стивенс ДОО – Скопје, заедно со мислењето од ревизорот.----------------------------------------------------------------------------------------------------------
***Прилог* - Одлука**.------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**6.** Претседавачот отвори дискусија по шестата точка од работниот дел од дневниот ред - **Донесување на Одлука за распределба на добивката по годишна сметка за 2025 година**.--------------------------------
Претседавачот ги праша присутните акционери дали некој се јавува за збор.-----------------------------------
По исцрпување на дискусијата, претседавачот ги праша присутните акционери дали уште некој се јавува за збор. Како никој не се јави за збор, Претседавачот ја стави оваа точка на гласање. -------------
Собранието со ***171.463 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, 15.649 гласови ВОЗДРЖАНИ***, ја усвои распределбата на добивката по годишната сметка за деловната 2025 година на следниот начин:-------
Нето добивка – 32.102.266-------------------------------------------------------------------------------------------------

- Статутарни издвојувања по чл.73.ст.3 – 4.060.740---------------------------------------------------------------
- Добивка за распределба на дивиденда – 26.809.900-------------------------------------------------------------
- Акумулирана добивка – 1.231.626------------------------------------------------------------------------------------

***Прилог* - Одлука**.------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**7.** Претседавачот отвори дискусија по седмата точка од работниот дел од дневниот ред - **Донесување на Одлука за утврдување на износот на дивиденда за една акција и утврдување на дивиденден календар**.-------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот ги праша присутните акционери дали некој се јавува за збор.-----------------------------------
По исцрпување на дискусијата, претседавачот ги праша присутните акционери дали уште некој се јавува за збор. Како никој не се јави за збор, Претседавачот ја стави оваа точка на гласање. -------------
Собранието со ***187.112 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА***, согласно Одлуката за распределба на добивката по годишна сметка за деловната 2025 година го утврди износот на дивиденда за една акција да изнесува во бруто износ од 130 денари по акција. Датум на пресек на акционерска книга како датум на евиденција според која се определува листата на акционери кои имаат право на дивиденка е 08.07.2026 година. Последен ден за тргување со право на дивиденда е 06.07.2026 година, прв ден на тргување без право на дивиденда е 07.07.2026. Исплатата на дивиденда е се изврши во законски предвидениот рок односно најдоцна до 30 септември 2026 година.--------------
***Прилог* - Одлука**.------------------------------------------------------------------------------------------------------------
------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**8.** Претседавачот отвори дискусија по осмата точка од работниот дел од дневниот ред - **Донесување на Одлука за исплата на аванс на дивиденда**.-----------------------------------------------------------------------
Претседавачот ги праша присутните акционери дали некој се јавува за збор.-----------------------------------
По исцрпување на дискусијата, претседавачот ги праша присутните акционери дали уште некој се јавува за збор. Како никој не се јави за збор, Претседавачот ја стави оваа точка на гласање. -------------
Собранието со ***187.112 гласови ЗА, ПРОТИВ НЕМА, ВОЗДРЖАНИ НЕМА***, ја донесе одлуката за исплата на аванс на дивиденда. Собранието го овласти Доборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна Техника во текот на деловната 2026 година врз основа на периодична сметка или периодичните финансиски извештаи за трите, шесте, односно деветте месеца, ревидирани од страна на овластениот ревизор, да им исплати на акционерите аванс на име дивиденда за тековната година.

Авансот на дивиденда може да се исплати само до износот на добивката којашто е остварена за периодот за кој што се исплаќа авансот на дивиденда, при што не може да ја надмине вкупната добивка остварена во претходната година одобрена со годишната сметка, зголемена за пренесената нераспределена добивка од претходните години и со резервите кои можат да се распределуваат за оваа цел, намалени за износите коишто се издвојуваат за законските резерви и за резервите утврдени со статутот, за периодот за којшто се пресметува авансот на дивиденда.------------------------------------------
***Прилог*** **-** Одлука.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**9.** Претседавачот отвори дискусија по деветтата точка од работниот дел од дневниот ред - **Донесување на Одлука за избор на ревизор за ревизија на финансиските извештаи за 2026 година**.--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
Претседавачот ги праша присутните акционери дали некој се јавува за збор.---------------------------------
По исцрпување на дискусијата, претседавачот ги праша присутните акционери дали уште некој се јавува за збор. Како никој не се јави за збор, Претседавачот ја стави оваа точка на гласање. ------------
Собранието со ***187.112 гласови ЗА***, ***ПРОТИВ НЕМА***, ***ВОЗДРЖАНИ НЕМА***, ја донесе одлуката за спроведување на ревизија на финансиските ивештаи на АД Раде Кончар-Апаратна техника за 2026 година со која се одреди ревизорското друштво Друштво за ревизија Мур Стивенс ДОО – Скопје и го овласти извршниот директор на АД Раде Кончар-Апаратна техника да склучи договор со друштвото во согласност со нивната понуда.-------------------------------------------------------------------------------------------
***Прилог - Одлука***.-------------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**10.** Претседавачот отвори дискусија по десеттата точка од работниот дел од дневниот ред - **Донесување на Одлука за стекнување сопствени акции со откуп**.--------------------------------------------
Претседавачот ги праша присутните акционери дали некој се јавува за збор.---------------------------------
По исцрпување на дискусијата, претседавачот ги праша присутните акционери дали уште некој се јавува за збор. Како никој не се јави за збор, Претседавачот ја стави оваа точка на гласање. ------------
Собранието со ***156.315 гласови ЗА***, ***ПРОТИВ НЕМА***, ***30.797 гласови ВОЗДРЖАНИ***, ја донесе одлуката за одобрување стекнување на сопствени акции со откуп на најмногу една десетина од основната главнина на АД Раде Кончар-Апаратна Техника по најниска цена од 750 денари односно највисока цена од 5000 денари. Откупот на акциите ќе се изврши во време коешто не може да биде подолго од дванаесет месеци од денот на донесувањето на оваа одлука а исплатата на средствата за откуп на сопствените акции ќе се изврши од сметката на друштвото односно купувањето на сопствените акции ќе се изврши од расположливите средства на друштвото. Друштвото ќе врши откуп на сопствените акции заради заштита на пазарната вредност на акциите.---------------------------------------
***Прилог - Одлука.***-------------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

**11.** Претседавачот отвори дискусија по единаесеттата точка од работниот дел од дневниот ред - **Донесување на Одлука за одобрување услови за продажба на недвижен имот**.-------------------------
Претседавачот ги праша присутните акционери дали некој се јавува за збор.---------------------------------
За збор се јави Татјана Лазаревски и кажа дека одлуката што акционерите што ја предложиле е спротивна на правилата од статутот затоа што неможе да се овласти одборот да одлучува за понуда која на постои и истата требало да се пушти како предлог одлука пред собранието бидејќи понудата по која акционерите одлучиле била невидена и непостоечка. Посочува дека Одборот на директори сноси одговорност а акционерите не сносат одговорност. За да не ја кочи постапката Одборот на

директори предлага нова предлог одлука и бара акционерите да ја прифатат за да не се кочи постапката.-----------------------------------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави акционерот Киријас Велибор и посочува дека предлог одлуката на Одборот на директори е неиздржана бидејќи стои само 8 милиони евра како сума за плаќање а не стојат рокови кога точно ќе се плати, недефинирано е кога и каде ќе се склучи договорот, сериозно да се кажат условите, рок за прибирање на понуди и парите што ќе се добијат од продажбата да одат за дивиденда за да не може да се пренаменат за други намени. Посочува дека никој купец нема да даде 8 милиони евра и да чека собранието да одлучи дали важи или не важи договорот. ---------------------------------------

За збор се јави Попоски Златко кој сака да даде допринос како да се надмине целата ситуација и сите претходни проблеми кои се собирале уназад. Укажува дека транспарентноста во постапката на продажба е битна а во поднесениот предлог од Одборот на директори е минимална а не треба да биде така затоа што на претходно собрание во 2024 година потенцијални купувачи заради такви проблеми ги повлекле понудите. Исто така вели дека потенцијалниот купувач треба да даде аванс со цел да покаже дека е сериозен и дека тој купувач треба да биде најповолен во смисла најскапа понуда и под 8 милиони евра не смее да се оди и никој за под таа цена не смее да има ингеренции да ја прифати ниту содружници ниту Одбор на директори. Вели дека точно треба да се прецизираат условите под кои ќе се одвива продажбата.-----------------------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави Душко Црнокрак како управител на ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности кој вели дека Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна Техника треба да има претставник кој ќе учествува на собирот на содружници на ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности кој ќе биде ефективен и учинковит со цел да се отпочне нов процес во врска со продажбата.----------------------------------------------------------------

За збор се јави Јана Каневчев Стојкова која вели дека акционерите барале и претходно оваа точка од дневен ред да биде во посебно собрание затоа што истата е опширна и има за дискусија а Одборот на директори одлучил истата да биде во рамки на годишното собрание. Истата вели дека ако се види предлог одлуката на Одборот на директори повторно ќе се заглави во јавни преговори, а идејата на акционерите е да нема преговори туку да се прибираат понуди и да се разговара со понудувачи па ако има соодветна понуда над 8 милиони евра и ги исполнува условите од јавниот повик истата да се земе во предвид.-------------------------------------------------------------------------------------------------------------

За збор се јави Стојков Дарко и кажа дека и претходно имало предлог од акционери да се свика посебно собрание за да се дискутира за оваа точка но Одборот на директори одлучи да не се свикува посебно собрание и оваа точка од дневниот ред да се спои со годишното собрание со цел да се помине ваква одлука без доволен процент на акции и пак да нема конкретен одговор на крај. Посочува дека треба да се донесе оваа одлука со цел да може да се продолжи со процесот на продажба.----------------

По исцрпување на дискусијата, претседавачот ги праша присутните акционери дали уште некој се јавува за збор. Како никој не се јави за збор, Претседавачот ја стави оваа точка на гласање прво ја стави на гласање предлог одлуката предложена од акционери и за истата се изјасниja **79.196 гласови ЗА, 97.888 гласови ПРОТИВ и 10.028 гласови ВОЗДРЖАНИ** при што се констатира дека одлуката предложена од акционерите не се изгласа.Потоа се стави на гласање предлог одлуката од Одборот на директори за која Собранието со ***115.995 гласови ЗА,48.187 гласови ПРОТИВ, 22.930 гласови ВОЗДРЖАНИ***, даде согласност за објава на продажбата на недвижниот имот во ИЛ 58529, КП 1851/16 КО Кисела Вода 2-Скопје сопственост на ДОО Раде Кончар-Заеднички дејноти, во јавни гласила и тоа по почетна цена од 8.000.000 евра. Со одлуката се овластува Одборот на директори на АД Раде Кончар-Апаратна Техника како содружник во ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности заедно со другите содружници да учествува во преговорите со потенцијалните понудувачи при изборот на најповолната понуда. Доколку дојде до избор на најповолна понуда Собранието ќе биде известено со доставување

на Предлог-Одлука од страна на содружниците на ДОО Раде Кончар-Заеднички дејности, по однос на која Собранието на АД Раде Кончар-Апаратна техника ќе донесе одлука.----------------------------------------
***Прилог - Одлука***.------------------------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот констатира дека акционерите:---------------------------------------------------------------------

- Јанчиќ Ненад со 12.058 акции------------------------------------------------------------------------------------
- Каневче Стојкова Јана со 15.649 акции---------------------------------------------------------------------------
- Стојков Дарко 15.148 акции-----------------------------------------------------------------------------------

го напуштија собранието и не подигнале гласачо ливче за тајно галсање, при што се констатира нова состојба на присутни 19 акционерии со 144.257 акции или 70,11% од вкупниот број на акции.

**12.** Претседавачот отвори дискусија по дванаесеттата точка од работниот дел од дневниот ред - **Донесување на Одлука за отповикување и избор на членови на Одборот на директори**.------------
По однос на оваа точка од дневниот ред се утврди новонастаната состојба на присуство на акционери со право на глас и се костатира присуство на 144.257 гласови, исто така се констатира дека на постоечкиот одбор на директори во состав на Ѓорги Доновски, Татјана Лазаревски, Билјана Митревска, Корина Киријас Ѓалева и Мартин Кочмановски им престанува мандатот и поради тоа истите се отповикуваат.--------------------------------------------------------------------------------------------------------
Одлуката за отповикување е донесена со 144.257 гласовисо што од членови на одборот на директори се отповикуваат:-----------------------------------------------------------------------------------------------------

- Ѓорги Доновски, ---------------------------------------------------------------------------------------------
- Татјана Лазаревски, ----------------------------------------------------------------------------------------
- Билјана Митревска, -----------------------------------------------------------------------------------------
- Александар Теодоров, --------------------------------------------------------------------------------------
- Мартин Кочмановски (независен член) и -----------------------------------------------------------------
- Корина Киријас Ѓалева--------------------------------------------------------------------------------------

За кандидати се предложени Ѓорги Доновски, Татјана Лазаревски, Билјана Митревска, Александар Теодоров, Мартин Кочмановски (независен член) и Корина Киријас Ѓалева. Од предложените кандидати со тајно гласање согласно резултатите од тајно гласање кои ги објави комисијата за тајно гласање **за членови на одбор на директори на АД РАДЕ КОНЧАР АПАРАТ НА ТЕХНИКА се назначуваат**

- Ѓорѓи Доновски со ***114.510 гласови ЗА, 1.411 гласови ПРОТИВ, 28.336 гласови ВОЗДРЖАНИ***----------------------------------------------------------------------------------------------------------
- Татјана Лазаревски со ***114.610 гласови ЗА, 1.311 гласови ПРОТИВ, 28.336 гласови ВОЗДРЖАНИ*** --------------------------------------------------------------------------------------------------
- Билјана Митревска со ***112.550 гласови ЗА, 1.311 гласови ПРОТИВ, 28.336 гласови ВОЗДРЖАНИ*** --------------------------------------------------------------------------------------------------
- Александар Теодоров со ***104.682 гласови ЗА, 1.311 гласови ПРОТИВ, 28.336 гласови ВОЗДРЖАНИ*** --------------------------------------------------------------------------------------------------
- Мартин Кочмановски (независен член) со ***114.610 гласови ЗА, 1.311 гласови ПРОТИВ, 15.635 гласови ВОЗДРЖАНИ*** -----------------------------------------------------------------------------

Членовите на Одборот на директори се именуваат за времетраење од една година до изборот на нов Одбор на директори на седницата на собранието на акционери на која на дневен ред е одобрување на годишната сметка за 2026 година и избор на Одбор на директори. Членовите на Одборот на директори можат да бидат повторно избрани без разлика на тоа колку мандати претходно биле избрани. Со назначување на членовите на одборот на директори престанува функцијата на досегашните членови на Одборот на директори.---------------------------------------------------------------------

ИЗВОД

*Прилог - Одлука.*--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------
--------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Со исцрпување на точките од дневниот ред, Претседавачот на Собранието ја заклучи работата на Собранието и објави завршување и заклучување на седницата во 15:30 часот.---------------------------------------

Потврдувам дека овој записник лично го составив, го следев целокупниот тек на седницата на Собранието и истиот содржи опис на сите дејствија што се случија на седницата, а кои се од важност за оценка на законитоста на постапката за донесување на одлуките.----------------------------------------------

Потврдувам дека овој записник лично го составив на **11 (единаесет) страници од 11 (единаесет) листа**, го следев целокупниот тек на оваа седница на Собранието на акционери и истиот содржи опис на сите дејствија што се случија на собранието, а кои се од важност за оценка на законитоста на постапката за донесување на одлуките.------------------------------------------------------------------------------------

Претседавачот изјавува дека е изрично согласен и го овластува нотарот без негово присуство да изврши исправки на технички и јазични грешки во оваа нотарска исправа со посебна писмена исправка во согласност со член 42 став 2 од Законот за нотаријат, која ќе биде составен дел на оваа нотарска исправа и ќе ми биде доставена.-------------------------------------------------------------------------------------------

При составувањето на овој нотарски акт издаден е извод идентичен на изворникот за потребите на АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје, а изворникот се чува во архивата на нотарот.---------------

Записникот заедно со прилозите лично му го прочитав на Претседавачот на Собранието кој раководеше со седницата на Собранието, кој во знак на прифаќање своерачно го потпиша:---------------

**ПРЕТСЕДАВАЧ на Собрание на АД РАДЕ КОНЧАР-АПАРАТНА ТЕХНИКА Скопје**-------------------------

Чедомир Стојковски --------------------------------------------

--------____________________*С.Р.*______________________________-------------------------------------------

Нотарската награда по член 41 од Нотарска тарифа е пресметана во износ од 10.000,00 денари.-------

**ОДУ бр.174/26**----------------------------------------------------------------------------------------------------------------

Во Скопје, на ден 24.06.2026 (дваесет и четврти јуни, две илјади дваесет и шеста) година.----------------

НОТАР

Ана Брашнарска

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА за подрачјето на Основниот судови на градот НОТАР АНА БРАШНАРСКА СКОПЈЕ